Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Врз основа на член 11-к став (1), (2), (3) и став (4) од Законот за Пожарникарство, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19), и согласно Правилникот за постапката за управување со ефектот на вработените во ТППЕ, следење, оценување и предлагање на мерки за подобрување бр. 01-461 од 17.05.2023 Општина Виница објавува:

04-801/4
07.07.2026

ИНТЕРЕН ОГЛАС бр. 01/2026
За пополнување на работно место со унапредување

Општина Виница објавува Интерен оглас за унапредување на овластени службени лица во областа на безбедноста – професионални пожарникари за следното работно место:

1. **ПОЖ0210В02000 Пожарникар спасител – водач на група – 1 (еден) извршител**

Општи услови

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,
- активно да го користи македонскиот јазик.

Кандидатите, покрај општите услови треба да ги исполнуваат и следните услови:

Посебни услови

- ниво на квалификации: квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО, или најмалку вишо или средно образование: Вишо, средно гимназиско или средно стручно образование
- најмалку две години работно искуство во струката евидентирано во Агенцијата за вработување како работен стаж.

Други посебни услови

- Возачка дозвола Ц категорија

Работни компетенции:

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- ориентираност кон засегнати страни.

Работното време е организирано во смени и трае од 07 до 19 часот и од 19 до 07 часот.

Паричен нето износ на плата: 40.901,00 денари за работното место.

Работни часови неделно: 40 работни часа.

На огласот може да се јават професионални пожарникари вработени во ТППЕ Виница кои ги исполнуваат условите пропишани за работното место, како и:

- да е оценет со оценка А или Б при оценувањето во 2025 година;
- Да е на работно место на непосредно пониско ниво, или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- Да поминал најмалку две години на тековното работно место;
- Да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас;

Заинтересираните професионални пожарникари поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на општина Виница до Одделението за управување со човечки ресурси на адреса ул. „Бел Камен" бр. 13 Виница со назнака „за интерен оглас" и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси hrvinica@gmail.com

Кон пријавата кандидатите можат да ги приложат следниве докази:

- потврди за успешно реализирани обуки

Рокот за доставување на пријавите со доказите изнесува 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас на web страната на општина Виница.

Во пријавите кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава нема да биде предмет на разгледување.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.
Рок за избор на кандидатот е 45 дена од денот на објавувањето.
Постапката ќе ја спроведе Комисијата за селекција за унапредување формирана од страна на Градоначалникот на Општина Виница.

Градоначалник
Општина Виница
Митко Костадиновски